Архивски број: 08-334/6
08-07-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-334/1 од 26.3.2024 година, поднесена од [redacted] од Кратово, со адреса на живеење на [redacted] против [redacted] ООУ „Кочо Рацин"- Кратово, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 5.7.2024 година, го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на [redacted] ООУ „Кочо Рацин"- Кратово, кон [redacted] врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

**Образложение**

На ден 26.3.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] вработена во ООУ „Кочо Рацин"- Кратово против [redacted] ООУ „Кочо Рацин"- Кратово, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, подносителката е дипломирана професорка по македонски јазик и литература, вработена во ООУ „Кочо Рацин"- Кратово. Претставката ја поднесува поради тоа што во учебната 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година била класен раководител на одделение, водејќи ги во VI, VII и VIII одделение, но на почетокот на март 2024 година, без никакво писмено укажување, без да биде писмено или усно известена, класното раководителство ѝ било одземено и било доделено на друг наставник.
Смета дека врз нејзе е сторена дискриминација по основ на политичка припадност, бидејќи е активист на политичка партија која е различна од онаа во која е активен [redacted] на ООУ „Кочо Рацин"- Кратово, односно дека одземањето на класното раководство претставува притисок кон партиски неистомисленик.
Наведува дека нема добиено никакво писмено образложение поради која причина ѝ се одзема класното раководство, ниту пак претходно имала одреден спор по однос на нејзината работа, со што смета дека истото е направено во периодот пред парламентарните и претседателските избори со цел да се направи притисок кон нејзе и кон лицата како нејзе кои се партиски неистомисленици со директорот.
Подносителката се има обратено и до Државниот инспекторат за труд и Државниот просветен инспекторат.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 3.4.2024 година испрати Известување бр. 08-334/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted].

На ден 12.3.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на [redacted] како одговор на претставката, заведено под бр. 08-334/3.

Во одговорот се наведува дека согласно член 113 од Законот за основно образование, [redacted] донел Решение за промена на одделенското раководство со арх. бр. 04-77/3 од 12.2.2024 година.
Со оглед на фактот дека [redacted] на функција од 26.12.2023 година, а во месец јануари имало зимски распуст на учениците и на наставниците, на 26.1.2024 година усно ги информирал раководителите на подрачните училишта во с. Крилатица и с. Сакулица дека од 1.2.2024 година ќе има промени на одделенските ракводители. Одговорните раководители доставиле Изјави дека наставниците се информирани за промената. Со Изјавата арх. бр. 04-77/8 од 16.2.2024 година се потврдило дека вработената [redacted] на 26.1.2024 година била информирана дека ќе има промени.
На ден 7.3.2024 година бил извршен Инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат по поднесена претставка од [redacted] Во Записникот со арх. бр. 09-19 од 7.3.2024 година било констатирано дека не се утврдени никакви неправилности и промената е направена согласно законските прописи.

Од друга страна, пак, во одговорот се наведува дека на ден 19.4.2023 година од страна на родители била поднесена Пријава за злоупотреба на ученици од наставничката [redacted] Имено, во пријавата е наведено дека наставничката повеќе пати праќала деца за да ѝ купат алкохол. И покрај дописот во кој се доставени и писмени изјави од родителите, не биле преземени никакви законски обврски од тогашниот директор на училиштето.

Во оваа насока директорот се повикува на член 113 алинеја 10 од Законот за основно образование, согласно кој директорот има надлежност да врши распоредување на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар.
Истакнува дека изборите за 2024 година биле распишани на 14.2.2024 година, додека измените биле соопштени и почнале да се применуваат многу порано. Во овој контекст директорот напоменува и дека пред да дојде на функцијата [redacted] тој бил Претседател на СОНК при ООУ „Кочо Рацин"- Кратово.

Во прилог на претставката беа доставени:

- Решение за промена на одделенско раководство со арх. бр. 04-77/3 од 12.2.2024 година
- Изјава на Раководителот во ПОУ с. Крилатица со арх. бр. 04-77/8 од 16.2.2024 година
- Записник за извршен редовен инспекциски надзор бр. 09-19 од 7.3.2024 година на Државниот просветен инспекторат
- Пријава за злоупотреба на ученици од страна на наставник со арх. бр. 03-136/1-2 од 19.4.2023 година
- Изјави од родители
- Извештај за привремена спреченост за работа на [redacted] со арх. бр. 04-63/3 од 27.2.2023 година.

Поради прибирање на дополнителни информации во врска со наводите од претставката, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 3.6.2024 година испрати Барање за информации до [redacted] со кое побара да биде доставена информација дали покрај [redacted] имало смена и на други одделенски раководители, како и дали по добиените пријави од родители за злоупотреба на

ученици од страна на наставничката [redacted] била поведена дисциплинска постапка против нејзе и дали нејзината смена од класен раководител е поради таквите пријави.

На ден 18.6.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на Барањето за информации, со кој информираат дека покрај вработената [redacted] промени од истиот датум имало и кај други раководители.
Во однос на тоа дали била поведена дисциплинска постапка, информираат дека во тој период сегашниот [redacted] бил одделенски наставник на тоа одделение и е добро запознаен со тој случај. И покрај барањето на родителите за смена на наставничката, тогашниот [redacted] не повел никаква дисциплинска постапка против вработената. Нејзината смена била направена врз основа на член 113 од Законот за основно образование, но секако дека и таквите пријави имале влијание да се направи таквата промена.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 19.4.2023 година до ООУ „Кочо Рацин"- Кратово од тројца родители на ученици во училиштето била доставена Пријава за злоупотреба на ученици од страна на наставник. Во пријавата се наведува дека нивните малолетни деца биле злоупотребувани од нивната наставничка [redacted] на повеќе наврати, на начин што таа ги праќала во селската продавница за да ѝ купат ракија, притоа наредувајќи им да не кажуваат на никого. Со дописот тие бараат од училиштето да ја пријави оваа злоупотреба до надлежните институции.
Согласно произнесувањето на училиштето, не била покрената дисциплинска постапка против вработената.

На ден 26.12.2023 година [redacted] дошол на функцијата [redacted] на ООУ „Кочо Рацин"-Кратово. На 26.1.2024 [redacted] донел Решение бр. 04-77/3 за промена на одделенско раководство на VIII одделение во ПОУ с.Крилатица, со кое ѝ го одземал одделенското раководство на [redacted] и истото го доделил на друг наставник. За промената усно ги информирал раководителите на подрачните училишта во с. Крилатица и с. Сакулица, за што тие доставиле Изјави дека наставниците се информирани за промената. Решението е на сила од 1.2.2024 година.
По поднесена претставка од [redacted], на ден 7.3.2024 година бил извршен редовен инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат. Видно од Записникот со арх. бр. 09-19 од 7.3.2024 година, не биле утврдени никакви неправилности.

Во оваа насока, **член 113 алинеја 10 од Законот за основното образование** предвидува дека Директорот е надлежен да врши распоредување на наставници, стручни соработници, и друг административнотехнички кадар.

**Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Фактот што на подносителката [redacted] ѝ било одземено одделенското раководство, заедно со изнесеното тврдење за нејзината политичка припадност, сами по себе не се доволни за да се извлече заклучок за нееднаков третман во споредба со некој друг. Поточно, за да постои дискриминација во конкретниот случај, потребно е да постои понеповолен третман кон подносителката во однос на третманот на останатите вработени во ООУ „Кочо Рацин"-Кратово и воедно каузалност помеѓу тој третман и дискриминаторската основа.

Во конкретниот случај, подносителката на претставката не била единствена чие одделенско раководство било одземено, туку промени настанале кај повеќе наставници од училиштето. Во оваа смисла подносителката не наведе соодветен компаратор во однос на кој би се ценел нејзиниот третман од страна на [redacted].
Дополнително, таа не го стори веројатно тврдењето за дискриминација врз основа на политичка припадност. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го зема предвид фактот што промената во одделенско раководство настанала во периодот пред распишување на парламентарните и претседателските избори, но тоа само по себе не е доволно за да се воспостави каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа и промената на одделенско раководство.

Во однос на наводите од произнесувањето дека таа била пријавена од страна на родители за злоупотреба на ученици, Комисијата го зема предвид произнесувањето дека пријавите имале влијание врз одземањето на одделенско раководство, но истакнува дека тоа не е соодветна мерка за одговорност за наводите од таквите пријави. Меѓутоа, Комисијата го ценеше и фактот што во времето на пријавување сегашниот [redacted], кој ја извршил промената на одделенско раководство, не бил на функцијата. Дотолку повеќе, по неговото доаѓање на функцијата веќе бил изминат рокот за поведување постапка за дисциплинска одговорност.

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба, а имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација од страна на [redacted] ООУ „Кочо Рацин"- Кратово, [redacted] кон [redacted]

Скопје
8.7.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- ООУ „Кочо Рацин"-Кратово, ул. Михајло Апостолски бр. 11, 1360 Кратово


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk